Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08- 255/1
15-02-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 858/1 од 21.12.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-858/1 од 21.12.2023 година од [redacted] од Скопје **поради неуредност**.

### О б р а з л о ж е н и е

[redacted] на 21.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-858/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителката достави Барање бр. 08-858/2 од 25.12.2023 година за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката согласно насоките во барањето.

Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*